**Договор**

За засновање на претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги преку при-пејд системот на ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје

Склучен на ден ____________________ година, Во_________________________

1. Друштво за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7109377 и со регистрирано седиште на ул. 23 Октомври 11А, 1000 Скопје, Република Македонија ("Операторот"); и
2. Име и презиме/Име на фирма: ____________________
   Адреса/Седиште: ____________________
   Л.к бр. : ____________________ ЕМБ/ЕДБ ____________________ ЕМБС ____________________
   Жиро с-ка: ____________________
   Депонент на: ____________________
   Како Претплатник на јавни комуникациски услуги, од друга страна
   (во понатамошниот текст: Претплатник)

1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.1. Предмет на овој Договор е утврдување на правата и обврските на договорните страни заради воспоставување на претплатнички однос и овозможување пристап на Претплатникот кон јавната комуникациска мрежа која Операторот ја користи од други оператори врз основа на склучени договори за обезбедување на услуги (во понатамошниот: Мрежа) и право на користење на јавни електронски комуникациски услуги како дојдовни и појдовни повици, пораки, интернет сообраќај со рекламирана брзина од 2G/3G/4G и минимална брзина од 0.2 Mbit/s Download и 0.1 Mbit/s Upload итн, кои се во понудата на операторот, достапни за користење преку системот за плаќање на услугите однапред (При Пејд систем) (во понатамошниот текст: Услуги). Целта на овој Договор е засновање на претплатнички однос за пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавно достапните електронски комуникациски услуги на Операторот, подуслови утврдени со овој Договор, со Законот за електронски комуникации, Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации и соодветните подзаконски акти, како и со објавените Општи услови за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Операторот.

1.2. Претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучување на овој Договор, односно од моментот на купување на pre-paid СИМ картичката од овластените продажни места на операторот и неговите трговски застапници и извршената евиденција на неговите податоци, додека правата и обврските кои произлегуваат од истиот важат од денот на активирање на Услугите предмет на Договорот.

2. НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

2.1. Операторот ги обезбедува услугите во Република Македонија, во рамки на територијата покриена со Мрежата.

2.2. Операторот ќе му обезбеди на Претплатникот пристап до Мрежата и активирање на соодветните услуги кои се предмет на овој Договор веднаш по потпишувањето на овој Договор, со вклучување на претплатничката линија/линии преку активирање на претплатничките бреви.

2.3. Во случај на пренесување на претплатнички број од мрежата на друг оператор, операторот ќе изврши вклучување на претплатничката линија на Претплатникот од моментот на фактичкото пренесување на претплатничкиот број на Претплатникот во Мрежата на операторот врз основа на одобрено барање за пренесување на број од оператороррт давател на број.

2.4. Од моментот на вклучување на претплатничката линија Операторот започнува да ги наплатува надоместоците за искористените Услуги кои се одземаат од паричниот износ кој Претплатникот го има депонирано на својата При Пејд сметка.

2.5. Операторот ќе овозможи користење на сите основни Услуги кои се предвидени согласно При Пејд моделот и тип на услуги избрани од Претплатникот. Претплатникот може да користи и дополнителни Услуги под услови и во постапка пропишана од Операторот. Активирање и/или деактивирање на дополнителни Услуги или пакети со плаќање на дополнителен надомест (месечен, неделен или дневен) се врши со согласност од Претплатникот, изразена по електронски пат (повик кон одреден број или USSD код, испраќање на СМС порака, преку веб страна или преку апликација обезбедена од Операторот за која Претплатникот претходно побарал пристап), или на друг начин пропишан од Операторот, во зависност од самата услуга.

2.6. Операторот бесплатно ќе му достави информација на претплатникот за искористеноста на одредени поволности во врска со обемот на интернет сообраќај вклучен во месечната претплата и/или дополнителните пакети.

3. КВАЛИТЕТ НА ОБЕЗБЕДЕНИТЕ УСЛУГИ

3.1. Операторот ќе му обезбеди на Претплатникот Услуги со квалитет согласно одредбите од Законот и применливите подзаконски акти. Операторот се обврзува да изврши враќање на парични средства во случај на неисполнување на договореното ниво на квалитет на обезбедената услуга во зависност од избраниот тарифен модел/пакет од страна на Претплатникот во согласност со Општите услови.

3.2. Операторот ќе вложи максимални напори за да му обезбеди на Претплатникот непречено и непрекинато користење на услугите при што ќе ги превземе сите разумни мерки за да ги идентификува и отстрани сите дефекти или пречки.

3.3. Операторот не го ограничува пристапот и/или користењето на услуги и апликации. При настанување на зголемено оптоварување на Мрежата или нејзин дел, Операторот превзема автоматски технички мерки за мерење и обликување на сообраќајот со цел да овозможи минимално ниво на квалитет за своите претплатници, согласно процедурата утврдена во општите услови на Операторот.

3.4. По искористување на интернет сообраќајот вклучен во тарифниот модел, Операторот врши автоматско намалување на брзината на протокот на податоци, при што остварениот интернет

сообраќај и понатаму останува бесплатен за Претплатникот. Доколку претплатникот и понатаму сака да користи мобилен интернет со вистинска брзина на проток на податоци и по искористување на интернет сообраќајот вклучен во тарифниот модел, потребно е да купи дополнителен интернет пакет од постоечката понуда на Операторот.

4. ТАРИФНИ МОДЕЛИ И ЦЕНИ НА УСЛУГИ

4.1. Цените на основните Услуги како и дополнителните Услуги активирани во моментот на склучување на овој Договор се наведени во Ценовник на Операторот. За користење на останати дополнително активирани од Претплатникот, Операторот ќе му наплатува на Претплатникот согласно цената на соодветната Услуга утврдена во јавно објавениот Ценовник на Операторот.

4.2. Операторот ќе ги пресметува и наплатува надоместоците за остварениот обем на комуникациски сообраќај од Услугите искористени од Претплатникот веднаш по нивното искористување, во зависност од типот на Услуга, искористени тарифни единици (број на воспоставени комуникации, времетраење на комуникацијата, количество на пренесени податоци, испратени пораки итн.) и цената на Услугата. Операторот има право да наплати надомест согласно неговиот Ценовник доколку Претплатникот побара промена на избраниот тарифен модел и ги исполнува условите за промена на тарифен модел пропишани од Операторот.

4.3. Сите важечки тарифни модели, основни и дополнителни услуги и применливи надоместоци Операторот ги објавува во својот Ценовник кој е достапен на интернет страницата на Операторот.

4.4. Операторот има право да врши промена на цените на услугите, видот и должината на тарифните единици и отанатите услови утврдени во Ценовникот со претходно известување на Претплатникот преку веб страната на Операторот, или преку писмен, електронски или друг јавно достапен начин.

5. ПРИ ПЕЈД СИСТЕМ ЗА НАПЛАТА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СМЕТКА

5.1. Користењето на Услугите преку систем за плаќање однапред (При Пејд систем на наплата), Операторот го овозможува преку вршење на авансна уплата на вредносни ваучери од страна на Претплатникот на својата При Пејд сметка поврзана со доделениот претплатнички број, поради што Операторот му овозможува на Претплатникот користење на Услугите без издавање на месечна сметка и без плаќање на месечна претплата. Претплатникот не може да потроши повеќе од вредноста која ја уплатил на својата При Пејд сметка ниту Операторот може да му наплати било каков заостанат долг при следното дополнување на сметката, освен доколку Претплатникот даде посебна согласност за тоа.

5.2. Операторот ќе има обврска му ги надомести паричните средства на Претплатникот кои му се наплатени од неговата При Пејд сметка само во случаи на основан приговор од страна на Претплатникот и/ или усвоено барање за решавање на спор од страна на АЕК за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот наплатен за користени комуникациски услуги во висина на погрешно наплатениот износ. Враќањето на средствата се врши со корекција на износот, односно враќање на средства на При Пејд сметката на Претплатникот

5.3. Претплатникот може во секое време да направи проверка и контрола на трошоците и моменталниот биланс со повик на бесплатниот телефонски број 1222.

5.4. Дополнително, претплатникот може во било кое време да се обрати на сервисот за грижа за корисници на Операторот во врска со било какви прашања забелешки или сугестии на бесплатниот телефонски број 1212.

6. ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ

6.1. Операторот треба да обезбеди квалитетни јавни комуникациски услуги, во согласност со Законот и соодветните акти.

6.2. Операторот обезбедува стручни служби и техничка опрема со цел да се обезбедат постојани, достапни и квалитетни услуги, како и да се изврши навремена детекција на испадите во мрежата и нивно отстранување. Притоа, Операторот ќе вложува максимални напори со цел ефикасно и во краток рок да ги отстрани сите пречки и испади во мрежата.

6.3. Доколку дојде до менување на условите за користење на услугите дефинирани во овој Договор, Операторот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените ќе го извести Претплатникот во пишана форма.

6.4. Во случај на повреда на одредбите од овој Договор, Операторот писмено ќе го извести Претплатникот дека е должен да ги исполни договорните обврски, во рок наведен во писменото известување. Ваквата обврска не важи во случаи кога Претплатникот предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или кога предизвикува голема материјална или оперативна штета на Операторот.

6.5. Операторот ќе обезбеди благовремена информација за цените на роаминг услугите објавувајќи ја последната официјално доставена цена од релевантниот давател на роаминг услуги, која му е позната на Операторот во моментот на барање на информацијата од страна на Претплатникот.

6.6. Операторот ќе обезбеди неповредливост, сигурност и заштита на тајноста на податоците за сообраќај и комуникациите што се пренесуваат, во согласност со одредбите од Законот и други валидни прописи и акти.

6.7. Операторот ќе обезбеди доверливост, тајност и неповредливост на податоците за Претплатникот заради заштита од повреда на личниот интегритет, како и нивно чување, објавување и користење, согласно одредбите на Законот и други валидни прописи и акти.

6.8. Операторот ќе спроведе постапка по приговор на Претплатникот, согласно одредбите на член 7 од овој Договор.

6.9. Операторот ќе изврши исклучување на СИМ картичката веднаш по приемот на известувањето за изгубена СИМ картичка.

6.10. Операторот ќе обезбеди Контакт центар во рамките на Секторот за кориснички услуги, каде претплатниците ќе можат да се обратат за информации за услугите на Операторот.

6.11. Операторот овозможува идентификација и спречување на идентификација на повикувачки и повикан број на начин утврден со Закон или друг валиден пропис, како и бесплатен пристап до службите за итни повици

6.12. Операторот е обврзан да води евиденција за податоците на своите претплатници во согласност со Закон или друг валиден пропис. Претплатникот има право да избере дали и во кој обем овие податоци ќе бидат јавно достапни во јавниот телефонски именик, како и право да побара нивна измена, дополнување.

6.13. Операторот нема да биде одговорен за повредата на доверливоста на податоците и за последиците од тоа доколку повредата настанала без вина на Операторот. Претплатникот е согласен дека во случаите на користење на услугите на Оператор во друга држава (роаминг), заштитата на доверливоста на неговите лични податоци подлежи на законската регулатива во соодветната држава.

6.14. Операторот има обврска да ги доставува податоците со кои располага за Претплатникот и остварениот сообраќај преку неговата претплатничка линија на надлежен државен орган, врз основа на доставено барање во постапка предвидена со закон.

6.15. Операторот има обврска да го информира Претплатникот за сите други услови кои го ограничуваат пристапот и/или користењето на услуги и апликации, други параметри за квалитетот на услугата.

6.16. Операторот има обврска да го информира Претплатникот за сите ограничувања во однос на користење на терминалната опрема.

6.17. Операторот ќе преземе соодветни технички и организациони мерки со цел соодветно да управува со ризиците за безбедноста на мрежата и услугите за да се спречи и минимизира влијанието на безбедносните инциденти врз корисниците и меѓусебно поврзаните мрежи. За таа цел, Операторот имплементира Политика за безбедност со која ја утврдува ранливоста на системот, надзорот и спроведување превентивни и корективни мерки, како и мерки за ублажување на инциденти по безбедноста и интегритетот на мрежите.

6.18. Операторот има обврска со СМС порака да го извести Претплатникот дека отпочнува со користење на роаминг услуги веднаш по отпочнувањето на користење на услугата меѓународен роаминг, со наведување на цените со вклучен ДДВ за дојдовен и појдовен повик и СМС порака во роаминг, по претходно добиена согласност од Претплатникот, освен кога Претплатникот потпишал согласност дека не му е потребна услугата за информирање при користење јавна мобилна комуникациска услуга во меѓународен роаминг.

6.19. Операторот, бесплатно ќе го предупреди Претплатникот кој користи роаминг услуги, во случај кога трошоците за реализираниот сообраќај (дојдовни и појдовни повици и СМС пораки) во меѓународен роаминг ќе достигнат вкупен износ од 3.000 денари со вклучен ДДВ,веднаш по добивање на информација од страна на роаминг Операторот. Операторот ќе му го ограничи пристапот на Претплатникот кој преку СМС порака ќе го извести Операторот дека е согласен да му се ограничи пристапот до роаминг услугата, веднаш по приемот на СМС пораката.

6.20. Операторот бесплатно ќе го предупреди и без одлагање ќе му ги ограничи пристапот и користењето на услугата на Претплатникот кој користи роаминг услуги, во случај кога трошоците за реализиран интернет сообраќај во меѓународен роаминг ќе достигне вкупен износ од 1.000 денари со вклучен ДДВ, веднаш по добивање на информација од роаминг Операторот. Доколку Претплатникот го извести Операторот дека е согласен да ја користи услугата, операторот ќе продолжи да го обезбедува пристапот и користењето на услугата.

6.21. Операторот ќе го следи вообичаеното однесување на претплатникот при користењето на неговите услуги и истиот бесплатно ќе го извести, доколку утврди било какво невообичаено и ненадејно зголемување на износот за користење на одделни услуги, што може да укажува на злоупотреба или неовластено користење. Невообичаено и ненадејно зголемување на износот на користење на одделни услуги се смета доколку износот надмине најмалку два пати поголем износ од просечниот износ што претплатникот го платил во последните три

месеци за постојните, односно два пати поголем износ од претплатата во последниот месец за нови претплатници.

6.22. Операторот, на барање на претплатникот, ќе овозможи мирување на претплатничкиот договор најмногу еднаш во календарска година во траење не подолго од три месеци, при што претплатничките договори што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување;

## 7. ПРАВА НА ОПЕРАТОРОТ

7.1. Операторот има право:

- да наплатува надомест за почетно приклучување, надомест за остварениот обем на комуникациски сообраќај и дополнителните услуги што ги користи, како и сите други надоместоци согласно цените утврдени во неговиот Ценовник
- од своите претплатници да ги побара податоците одредени со Законот;
- да одбие барање за склучување на претплатнички договор во случаи утврдени со Законот и подзаконските акти
- да ги обработува личните податоци и податоците за сообраќај на Претплатникот со цел да му овозможи персонализирани понуди за своите производи и услуги, базирани на начинот и обемот на користење на услугите на Операторот врз основа на претходно добиена согласност за обработка на податоците од Претплатникот. Врз основа на вака обезбедената согласност, Операторот има право да го контактира Претплатникот со сите достапни средства за комуникација, со праќање писмени известувања, електронска пошта, СМС, ММС, по пат на директен телефонски контакт или други достапни начини за комуникација, овозможувајќи му во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на податоците;
- од технички причини да го промени повикувачкиот број на Претплатникот и најдоцна 30 дена пред промената да го извести Претплатникот за промената и за новиот повикувачки број. За услуги чија реализација бара привремено зачувување на комуникациите (како што е СМС, ММС, електронска пошта и друго), Операторот има право да ги зачува комуникациите во своите системи, сè до остварување, односно реализација на конкретната услуга. Операторот има право да ги чува, обработува и разменува податоците на Претплатникот, заради исполнување на целите на овој Договор во согласност со Законот и соодветните акти.
- да го ограничи или прекине пристапот до дел или сите јавни комуникациски услуги на Претплатникот, без негова согласност, во услови на неизвршување на обврските или неисполнување на условите утврдени во овој Договор, како и при злоупотреба на јавните комуникациски услуги. Ваквото право на Операторот особено се однесува при исполнување на еден од следниве случаи:
    - Доколку утврди или доколку постои сомнеж дека Претплатникот на незаконски начин се стекнал со претплатничката линија;
    - Доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање комуникациски услуги на други корисници со одреден надомест или на корисниците на Операторот со или без одреден надомест, без постоење на соодветен договор со Операторот;

- Ако Претплатникот приклучи неодобрена терминална опрема, до замена на истата со одобрена терминална опрема;
- Доколку комуникациската услуга се користи, или е наменета да се користи за цел спротивна на Законот, прописите донесени врз основа на него или друг закон или пропис, констатирана од страна на надлежен орган;

8. ПРАВА НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

8.1. Претплатникот има право:

- да добива непречена, ефикасна и редовна јавна комуникациска услуга;
- да ги користи сите комуникациски услуги што ги обезбедува Операторот согласно избраниот тарифен модел;
- да бара промена на тарифниот модел најмногу еднаш месечно, за што може да плаќа надомест утврден во Ценовникот на Операторот;
- да одлучи неговите лични податоци да не бидат објавувани во јавност и достапни до јавноста преку службата за евиденција на телефонските претплатници и единствениот телефонски именик;
- да го пренесе правото на користење на претплатничката линија во согласност со Операторот на друго лице, кое ги исполнува потребните услови за засновање претплатнички однос, со претходно целосно подмирување на сите обврски за реализираните комуникациски услуги кон Операторот;
- на достапност до Секторот за кориснички услуги, лично или на за таа намена утврден телефонски број за било каков проблем кој се однесува на користењето на услугите на Операторот;
- да бара и да добие информација која се однесува на услугите што ги овозможува Операторот, како и за цените и тарифите за користење на истите;
- да добие  детална сметка без надоместок, за сите видови на комуникациски услуги, што ги користел претплатникот, во рок од 5 работни дена од приемот на барањето за добивање на истата
- да поднесе приговор во врска со пристапот до или обезбедувањето на услугите.
- да го раскине договорот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор во врска со обезбедувањето на услугата со ниво на квалитет пропишан со подзаконскиот пропис за параметри за квалитет на јавните комуникациски услуги, констатирано од Агенцијата за електронски комуникации.

9. ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

9.1. Претплатникот е должен да ги користи комуникациските услуги за сопствени потреби исклучиво како краен корисник и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници, да не ја користи претплатничката линија за вознемирувачки или за лажни повици и да не ја користи за цели спротивни на Законот или на друг закон и пропис, како и на условите содржани во овој Договор.

9.2. Претплатникот не смее да ги користи комуникациските услуги за давање јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во Законот или други закони или прописи и без посебен писмен договор со Операторот.

9.3. Претплатникот не смее купената СИМ картичка (претплатничка линија) да ја препродава. Тој е должен да не ги открива неговите лични кодирани податоци на трети лица (ПИН, ПУК и слични кодови). Во случај на губење или кражба на СИМ картичката, Претплатникот е должен за тоа веднаш да го извести Операторот. Претплатникот ги надоместува трошоците за замена на СИМ картичката и за нејзиното повторно поврзување во мрежата во согласност со Ценовникот на Операторот. Претплатникот треба да ја врати СИМ картичката секогаш кога тоа Операторот ќе го побара од него, а особено во случаи кога тоа се бара поради безбедносни причини, вонредна состојба или кога тоа е од јавен интерес, како и од причини поврзани со работењето на мрежата.

9.4. Претплатникот има обврска да користи само апарати и опрема кои се во согласност со прописот со кои се уредува радио и телекомуникациската терминална опрема. Претплатникот треба на барање на Операторот, да дозволи преглед на мобилниот апарат и опремата која ја користи.

9.5. Претплатникот треба да се воздржува од какви било дејствија кои би ја довеле во опасност или би ѝ нанеле штета на мрежата на Операторот.

9.6. Претплатникот има обврска на барање на Операторот да ги достави податоците дефинирани во Законот за електронските комуникации, заради евиденција на претплатниците на Операторот при што Претплатникот е одговорен за точноста на доставените податоци и веродостојноста на приложените документи.

9.7. Претплатникот има обврска веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена писмено да го извести операторот за секоја промена на податоците од претплатничкиот договор, а кои се неопходни за непречено доставување на писмената

10. ПРИГОВОРИ И РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

10.1. Претплатникот има право да поднесе приговор во пишана форма до Одделот за кориснички услуги на Операторот во врска со: обезбедувањето на Услугите, надоместоците за плаќање за одредена обезбедена Услуга, квалитетот на обезбедената Услуга и повреда на одредбите од овој Договор од страна на Операторот.

10.2. Приговорот треба да биде поднесен во писмена форма, преку пошта, лично од претплатникот во продажен салон од директната продажна мрежа на Операторот или по електронски пат. Приговор може да се поднесе во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на прием на одлуката или започнување на дејствието предмет на приговорот. Операторот ќе одлучи за приговорот во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на приговорот и ќе му испрати на Претплатникот одговор на приговорот во писмена форма, преку пошта или лично на рака на претплатникот преку продажниот салон каде што приговорот бил поднесен, или по електронски пат доколку операторот има согласност од претплатникот за достава на писменото во електронска форма. Во рок од 15 (петнаесет) дена од добивањето на одлуката на Операторот по поднесениот приговор, Претплатникот може да бара заштита на неговите права од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК). Информации за остварување на правата Претплатникот може да добие со повикување на бесплатниот телефонски број 190 на контакт центарот на АЕК. Операторот и Претплатникот ќе се обидат спогодбено да го решат секој спор кој може да се појави од Договорот, вклучувајќи ги споровите во однос на толкување, примена и извршување на овој Договор и

Општите Услови на Операторот. Доколку спорот не биде решен спогодбено, истиот ќе се решава пред стварно надлежниот суд во Скопје.

11. ВАЖНОСТ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

11.1. Овој Договор се склучува на неопределено време.Претплатникот има право да ја користи претплатничката линија со При Пејд систем на наплата, се додека не истече времето на важност на последниот уплатен вредносен ваучер. Времетраењето на важност на вредносните ваучери е утврдено во Ценовникот на Операторот. Со истек на времето на важност на уплатениот вредносен ваучер, Операторот ја деактивира претплатничката линија со При Пејд систем на наплата и овој Договор престанува да важи по автоматизам, без потреба од поднесување на посебно барање од Претплатникот.

11.2. При пренесување на број, Операторот има право од Претплатникот да наплати надомест во износ определен со одлука на АЕК.

11.3. Операторот има право еднострано да го раскине овој Договор без дополнителен отказен рок при постоење на една од околностите:

- При прекршување на обврските на Претплатникот од овој Договор;
- Во случај на користење на Услугите од страна на Претплатникот спротивно на Член 2.5 од овој Договор;
- Во случај на злоупотреба на Услугите или пристапот до Мрежата од страна на Претплатникот за цели спротивни на овој Договор, Законот, прописите донесени врз негова основа и други закони и прописи, за злоупотреби констатирани од Операторот или од страна на надлежен орган;
- Поради постоење на ситуација на Виша сила која го оневозможува Операторот да ги обезбедува Услугите на Претплатникот преку неговата Мрежа во период подолг од 3 (три) месеци.

12. ВИША СИЛА

13.1. Услугите кои ги дава Операторот можат да бидат прекинати поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на Операторот, чие настапување не можело да се предвиди ниту да се спречи и поради кој исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или невозможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војни), акти на јавната власт и слично.

Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги предизвикан од настан на Виша сила.

13. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

13.1. Како составен дел на овој Договор се сметаат сите дополнителни прилози и други обрасци пополнети и/ или потпишани од Претплатникот во текот на важењето на овој Договор како и електронски записи од евиденцијата на Операторот за извршено активирање, промена или деактивирање на комуникациски услуги, промоции и други погодности, промени на тарифен модел или администрирање на личните и други податоци извршени од страна на самиот Претплатник по електронски пат (СМС, повик кон телефонски број со посебна намена, веб страна итн.). Операторот може да ги менува условите утврдени со овој Договор

по претходно известување на Претплатникот. Известувањето ќе биде доставено до Претплатникот во рок од 30 (триесет) дена пред воведувањето на измената. Известувањето ќе ги содржи сите предложени измени на условите од Договорот како и правото на Претплатникот за раскинување на Договорот во рок од 30 (триесет) дена доколку не се согласува со предложените измени, без обврска за наплата на договорните пенали. Доколку Претплатникот не достави известување за раскинување на Договорот во наведениот рок, се смета дека се согласува со предложените измени.

13.2. Сите спорови кои би произлегле од овој Договор ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин. Доколку настанатиот спор не може да се разреши на пријателски начин, за истиот ќе решава Основен Суд Скопје 2 Скопје.

13.3. Сите прашања кои не се уредени со овој Договор ќе бидат уредени согласно одредбите утврдени во Општите Услови на Операторот, Ценовникот на Операторот јавно достапен на интернет страницата на Операторот, Законот, Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/ или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги донесен од АЕК и други применливи акти

14. ПРИМЕРОЦИ НА ДОГОВОРОТ

Овој договор е склучен во 2 (два) еднакви примероци, по еден за секоја договорна страна.

Операторот: Претплатник:

______________________________ ______________________________

| ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ | |
|---|---|
| Се согласуван Операторот да ми доставува информации за промоции, новости и измени поврзани со услугите на наведената е-маил адреса и телефонски број | ☐ Се согласувам<br>☐ Не се согласувам |



**Рекламирана брзина за мобилен интернет** XX/XX/XX mbit/s

* Операторот не рекламира брзина на проток на податоци за мобилен интернет изразена во единица мерка (bit/s)

**Минимална брзина**

**XX Mbit/s Download**
**XX Mbit/s Upload**

Пакет со X услуги:
2 Mbit/s
12 Mbit/s
30 Mbit/s
100 Mbit/s

**НАПОМЕНИ:**

1) При секојдневна употреба, очекуваните просечни брзини на проток на податоци при користење на мобилен пристап на интернет не може да бидат гарантирани и константни поради начинот на кој функционира технологијата на јавната мобилна комуникациска мрежа, која подразбира делење на еден ресурс од повеќе претплатници во исто време, што доведува до намалување на брзините при истовремено користење на капацитетот за мобилен интернет од зголемен број на претплатници.
Исто така, на брзината на мобилниот интернет влијаат и техничките карактеристики и можности на мобилниот терминален уред кој го користи Претплатникот и типот на мрежа која се користи во моментот на преносот на податоци ( 2G/GPRS, 3G/UMTS или 4G/LTE мрежа, која овозможува највисоки брзини при upload и download).
2) Операторот по правило не го ограничува пристапот и/или користењето на услуги и апликации, но при настанување на зголемено оптоварување на јавната мобилна комуникациска мрежа или нејзин дел во единица време, Операторот превзема автоматски технички мерки за мерење и обликување на сообраќајот со цел да овозможи минимално ниво на квалитет и да опслужи оптимален број на свои претплатници.